**20230270470**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2023 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува користењето на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита во 2023 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Со оваа програма се планира финансирање на градежни работи за изградба на детски градинки, адаптација на простор за детски градинки, изведување на градежни работи за доградба и реконструкција на простор за детски градинки и набавка, испорака и монтажа на опрема за детски градинки, во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 132.005.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, Раздел 150.01 – Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 3А - Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, и ќе се користат за следните намени:

- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Крива Паланка,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Велес,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Кисела Вода,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Берово.

Средствата за реализација на оваа програма ќе се користат и за реализирање на планирани проекти во 2022 година: изведување на градежни работи за изградба на детски градинки во општините Могила и Делчево; доградба на детски градинки во општините Гевгелија, Дебар, Карбинци с. Таринци, градежни работи за адаптација на простор во детска градинка во Општина Битола и опремување на детски градинки во општините: Чаир, Могила, Св.Николе с.Ерџелија , Росоман, Прилеп и Велес.

II. Во 2023 година со средствата за реализација на оваа програма ќе се измират и обврските за капитални инвестиции за детска заштита за проекти започнати во 2021 и 2022 година за изведба на градежни работи за изградба на детски градинки во општините: Чаир, Св.Николе с.Ерџелија и Росоман и набавка, испорака и монтажа на опрема за детски градинки во општините Прилеп и Велес.

Вкупните обврски во 2023 година, кои ќе произлезат од склучените договори за проектите од став 1 на овој дел, во износ од 99.004.690 денари, ќе се исплатат во зависност од реализацијата на терен.

III. Следење на спроведувањето на оваа програма, врши Министерството за труд и социјална политика и доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 31 декември 2023 година.

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1317/3
1 февруари 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.